Центар за стручно образование и обука

# Информативен билтен

## Центар за стручно образование и обука



*Драги читатели,*

*Во овој информативен билтен ќе Ве информираме за реализираните активности од страна на Центарот за стручно образование и обука, како што се новините во стручното образование и обука, разни семинари, работилници, издадени публикации, конференции, натпревари, состаноци, како и други активности реализирани од страна на вработените во ЦСОО.*

*Ви благодариме на вниманието.*

*Средба на Директоратот за стручно образование и обука*

Во периодот од 19 до 20 октомври 2016 година, во Братислава



На средбата главна тема на разгледување беа новите вештини како агенда на Европа. Како главни компоненти на новата агенда и новите вештини се: обезбедување и гарантирање на постигнатоста на вештините, креирање алатки за профилирање на вештините со посебен акцент на третите земји-членки, скицирање на секторска соработка базирана на вештини, дигитални вештини и партнерска соработка. Земјите имаа посебни излагања и видувања во однос на сите овие прашања.

На средбата се донесоа и одредени заклучоци:

- Членовите на DGVT да се залагаат за учење преку работа (стажирање) и за негово етаблирање на национално ниво.
- Гарантирањето (обезбедување квалитет) на стекнувањето на вештините да биде инволвирано во имплементација на национално ниво.
- Да се градат мостови со регионалните заинтересирани страни, особено во однос на интерсекторската соработка.
- Земјите кои ги немаат дефинирано и испратено своите приоритети, да го направат тоа што побрзо.
- Земјите да се информираат, да се мобилизираат и да се вклучат во неделата на стручното образование и обука.

На крајот, работната средба ја затвори Жоао Сантос, кој се заблагодари на Словачкото претседателство за нивното гостопримство и на сите присутни за нивната активна партиципација.